РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-247/2
25-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 73 - та седница одржана на 18.08.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-247/1 од 18.01.2022 година, поднесена од непознат подносител против член на Управниот одбор на Агенцијата ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека не може да ја утврди фактичката состојба во пријавата бидејќи нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите од истата, затоа што се работи за анонимна пријава, по што не може да се констатира повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-247/1 од 18.01.2022 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против вработена во ---------- А.Д Скопје давател на услуги на воздухопловна навигација која истовремено е член на Управниот одбор на Агенцијата --------.

По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај нема начин да се потврди состојба на судир на интереси или прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради тоа што не е наведено за кое лице се однесува пријавата и со оглед на тоа што се работи за анонимна пријава, ДКСК нема можност да обезбеди информации за потврдување на наводите.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на седницата одржана на ден 18.08.2022 година, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: К.З. - раководител
Одобрил: Г.Т.,- член на ДКСК